***Број: 02 - 14440/2***
***05.09.2008 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XXXIX -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 05.09.2008 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *М-р. Марјана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии;*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за секторот човечки ресурси;*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи;*
- *Даниела Јовческа - Ѓуровска, дипломиран правник во својство на записничар*

*Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ пред започнувањето на седницата даде предлог за воведување на стимулативи мерки и позитивно коригирање на буџетот на оние Клиники како што се Клиниката за дигестивна хирургија, Клиниката за трауматологија, Клиниката за ортопедски болести и др. како еден вид на награда за значителното намалување на бројот на рефундации, бидејќи со успешното спроведување на набавките за медицински материјали пациентите не се принудени истите да ги набавуваат приватно со што се намалува бројот на рефундациите од Фондот.*

*Ромела Поповиќ, помошник на директорот за финансии се надоврза на предлогот на директорот Георги Тренкоски и укажа на тоа дека стручните служби ќе направат детална анализа која ќе биде доставена на разгледување до Управниот одбор, а сега овој предлог да се прифати од членовите на Управниот одбор само како заклучок.*

***Заклучок:** Членовите на Управниот одбор едногласно го прифатија предлогот на Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ.*

*Др. Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија пред започнувањето на седницата имаше забелешки за втората точка на дневниот ред за Предлог - Буџетот за 2009 година на ФЗОМ бидејќи материјалот го добил на самата седница, а станува збор за буџет за 2009 година за што смета дека е потребно подетално да се проучи.*

*Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ појасни дека втората точка на дневниот ред Предлог - Буџетот за 2009 година е дадена само како информација од страна на Фондот со цел информирање на членовите на Управниот одбор која ќе биде доставена до Министерството за финансии па се враќа како точка на дневен ред на Управен одбор, а потоа се доставува до Владата на РМ.*

*Др. Страшо Наумоски го прифати објаснувањето дадено од страна на директорот Георги Тренкоски и се согласи оваа точка да биде на дневен ред.*

*Со оглед на тоа дека немаше повеќе никакви забелешки околку точките на дневниот ред, Претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили ја отвори седницата и утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го предложи следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XXXVIII седница на УО одржана на 08.08.2008 година;*

1. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари - јуни 2008 година ;*

2. *Предлог - Буџет за 2009 година на ФЗОМ;*

3. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување и Одлука за утврдување на важноста на упатот за користење на здравствени услуги за вршење на вежби за слухот и говорот во специјалистичко - консултативна здравствена заштита;*

4. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија ;*

5. *Правилник за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

6. *Ампуларна терапија кај гинеколозите;*

7. *Разно*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го прифатија и усвоија предложенот*

***Д Н Е В Е Н Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XXXVIII седница на УО одржана на 08.08.2008 година;*

1. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари - јуни 2008 година ;*

2. *Предлог - Буџет за 2009 година на ФЗОМ ;*

3. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување и Одлука за утврдување на важноста на упатот за користење на здравствени услуги за вршење на вежби за слухот и говорот во специјалистичко - консултативна здравствена заштита;*

4. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

5. *Правилник за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

6. *Ампуларна терапија кај гинеколозите;*

7. *Разно*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XXXVIII седница на УО одржана на 08.08.2008 година;*

*Управниот одбор едногласно без никаква забелешка го усвои записникот од XXXVIII седница одржана на 08.08.2008 година.*

***ТОЧКА 1 -*** *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари - јуни 2008 година ;*

*Објаснување по оваа точка даде Ромела Поповиќ Трајкова, која наведе дека се работи за квартална анализа за реализација на средствата од буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари - јуни 2008 година која е објавена на веб страницата на Фондот. При тоа во своето обраќање даде детална финансиска анализа започнувајќи од вкупно остварените приходи на Фондот во периодот јануари - јуни 2008 година кои изнесуваат 9.151.442 илјади денари, што претставува просечен месечен приход од 1.525.240 илјади денари. Остварените приходи за периодот јануари - јуни 2008 година споредени со 2007 година за истиот период бележат зголемување од 5.28%, при што нагласи дека треба да се има во предвид и 1.002.793 илјади денари кои се пренесени од предхоната година. Потоа наведе дека планираните вкупни приходи за истиот период изнесуваат 8.606.177 илјади денари или просечно месечно 1.434.363 илјади денари. Во споредба со планираните, остварените приходи се поголеми за 6.34%, што е резултат на зголемената наплата на придонесите врз основа на зајакнатите контроли и од пренесениот вишок на приходи од предходната година. При тоа истакна дека анализирајќи ги поединечно по видови на приходи, во периодот јануари - јуни 2008 година истите се остварени над планираните, со исключок на останатите неданочни приходи кои се остварени испод планираните со индекс 20.36%, и помалку остварени приходи по конвенции од очекуваните. Укажа на тоа дека има позитивен тренд кај приходите од наплатена партиципација кои во периодот јануари - јуни 2008 година се оствaени во износ од 241.400 илјади денари и имаат индекс на остварување 60,15 во однос на годишниот план, кои споредени со истиот период во 2007 година се повеќе остварени за 62,97%. Исто така даде и појаснување и за трансферните приходи каде се вклучуваат приход од придонес за пензионери, приход од придонес за невработени лица, приход од придонес на корисници за социјална помош, приход по програми за здравствена заштита кој се наплатени 50% за разлика од лани, приход од пренесен вишок од предходната година и други приходи, при што во структурата на вкупно остварените приходи во периодот јануари - јуни 2008 година, овие приходи учествуваат со 41,86% и се остварени во износ од 3.831.238 илјади денари со индекс на остварување од 51,02 во однос на годишниот план.*

*Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ укажа на тоа дека индексот како термин треба да се замени со процентот, односно во финансиските анализи да се дава процент на зголемување или намалување, бидејќи индексот во светските анализи како терминологија не се применува.*

*Ромела Поповиќ Трајкова даде подетално објаснување и за расходите на Фондот при што наведе дека во периодот јануари - јуни 2008 расходите се остварени во износ од 9.508.940 илјади денари, што преставува просечен месечен расход од 1.584.823 илјади денари. Истакна дека остварените расходи споредени со остварените расходи од 2007 година бележат зголемување од 16,27%. При тоа укажа дека планираните вкупни расходи во периодот јануари - јуни 2008 година изнесуваат 8.606.177 илјади денари или просечно месечно 1.434.363 илјади денари, при што во споредба со планираните, остварените расходи се поголеми за 10,49%. Укажа дека структурата на расходите е стабилна во периодот јануари - јуни 2008 година најмногу учество имаат здравствените услуги на осигурените лица со 90,45% или во вкупен износ од 8.600.883 илјади денари и овие расходи во однос на годишниот план се остварени со индекс 57,47 кои за разлика од лани бележат зголемување од 14,6%, што значи поквалитетна здравствена услуга. Исто така посочи дека има негативен тренд на зголемување на боледувањата, енормен пораст од 40% од ланската година, при што негативно се одразува на финансиската состојба на Фондот и го оневозможува пораст на здравствените услуги.*

*Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ го потврди проблемот со енормното зголемување на боледувањата што е доказ за лично богатење и остварување на добар профит.*

*Ромела Поповиќ Трајкова потсети дека поради соочувањето со овој проблем беше направена измена и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во ФЗОМ со кој е предвидено претседателот на Лекарската комисија да биде вработен во Фондот и укажа на тоа дека овој месец е веќе зголемен месечниот одлив на боледувањето. Потоа го продолжи своето излагање за финансиските податоци на ЈЗУ поточно за приходите на ЈЗУ кои ги опфаќаат приходите наплатени од Фондот, приходите од Буџетот на РМ и сопствените приходи. Истакна дека приходите на ЈЗУ во периодот јануари - јуни 2008 година се остварени во износ од 6.611.632 илјади денари, при што вкупните приходи на ЈЗУ во однос на планот се остварени со индекст 51.77. Потенцираше дека има тренд на пораст на сопстениот приход на ЈЗУ во износ од 940.748 илјади денари со индекс на оставрување 55,30 во однос на годишниот план, што се должи на приходот од дополнителна дејност. Поради тоа смета дека треба да се формира комисија која ќе изврши детална анализа за вршењето на дополнителната дејност во ЈЗУ и ќе даде информација до Управниот одбор.*

*Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател исто така истакна дека треба да се даде точна информација за која ќе биде запознаена и јавноста во врска со аномалиите во управувањето со ЈЗУ бидејќи преку дополнителната работа се одлеваат средства од Фондот и никој не превзема ништо во врска со тоа, со што се фрла една негатива слика врз работењето на Фондот. При што јавноста ќе се фокусира кон неуспешното менаџерство на ЈЗУ, а не на Фондот.*

*Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ кажа дека многу јасно тоа го чувствуваме и дека целосната автономијата на Клините не е одлука на Фондот туку на Владата и со тоа Фондот неможе да има влијание во нивното работење и неможе да сноси никаква одговорност, при што потенцира и дека директорите*

*на клиниките се поставени од страна на Министерството за здравство. При што укажа за можноста да се изготви информација до Владата на РМ која ќе биде информирана за ова прашање по иницијатива на Управниот одбор.*

*М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, го потврди ставот на Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ дека Фондот нема надлежност да се меша во управувањето со Клиниките.*

*Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ ја подржа иницијативата на Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ за да се достави информација до Владата на РМ со цел нивно информирање за проблемите околку управувањето со Клиниките и покрај тоа што Фондот за здравствено осигурување на Македонија не е надлежен.*

*Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ исто така предложи од страна на Фондот и покрај тоа што не е надлежен исклучиво за потребите на пациентите да спроведе јавна набавка за дезинфекција и дератизација во просториите на сите Клиники и да се отвори една бела книга за се што Фондот направил во интерес на осигурениците, па доколку има потреба ќе биде запознаена и јавноста.*

*Др. Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, преставник од Сојузот на синдикатите на Македонија, обрна внимание на структурата на остварените приходи кај Здравствените домови односно праша дали има направено некоја анализа врз основа на што некои здравствени домови имаат поголем приход или поголем индекс на остварување за разлика од другите здравствени домови со помал приход и индекс на остварување.*

*Ромела Поповиќ одговори дека нема направено таква алализа и дека треба да се дојде до тој податок со формирање на комисија која ќе изврши детална анализа на вршењето на дополнителната дејност во ЈЗУ и со зајакнување на контролите.*

***Заклучок:** Управниот одбор донесе одлука да се формира комисија од стручни лица која ќе направи анализа на вршењето на дополнителната дејност во ЈЗУ и ќе достави информација до Управниот одбор.*

*Др. Љубиша Каранфиловски напомена дека кај Здравствените домови не се работи за дополнителна дејност како кај Клиниките.*

*Ромела Поповиќ појасни дека Здравствените домови имаат сопствени средства кои ги прибираат по други основи.*

*Во врска со расходната страна на ЈЗУ појаснување даде Ромела Поповиќ односно напомена дека расходите на ЈЗУ ги опфаќаат расходите платени со средства од Фондот кои изнесуват 5.268.272 илјади денари и расходите платени со сопствени средства во износ од 1.060.841 илјади денари, при што вкупните платени средства за расходи на ЈЗУ за периодот јануари - јуни 2008 година изнесуваат 6.329.113 илјади денари, кои споредени со годишниот план имаат индекс на остварување од 49,56., при што посебно се осврна на долговите кои се доспеани а неизмирени од страна на ЈЗУ.*

*Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ укажа на тоа дека менанџерството во ЈЗУ е многу слабо, бидејќи имаат натрупани долгови и покрај зголемениот буџет на Клиниките.*

*По завршувањето на деталното излагање на Ромела Поповиќ Трајкова за првата точка на дневниот ред, свои забелешки имаше М-р Борис Јосифовски кој при увидот на самата анализа поточно во делот на трансферните приходи на Фондот увиде дека во самиот преглед не се внесени 1.002.793 иљади денари кои се пренесен приход од предходната година.*

*Ромела Поповиќ Трајкова, ја прифати забелешката од М-р Борис Јосифовски и напомена дека ќе се изврши текстуално дополнување во прегледот, кој ќе биде дополнително доставен до членовите на Управниот одбор.*

*Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател, укажа дека изменетата анализа со внесениот буџет префрлен од минатата година задолжително треба да се достави до членовите на Управниот одбор.*

*По завршувањето на исцрпната дискусијата по првата почка на дневниот ред, Управниот одбор едногласно ја прифати Анализата за реализација на средствата од буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари - јуни 2008 година.*

***ТОЧКА 2 - Предлог - Буџет за 2009 година на ФЗОМ;***

*Ромела Поповиќ Трајкова, даде образложение за Предлог - Буџетот за 2009 година на ФЗОМ и укажа на тоа дека истиот е подготвен врз основа на предвидувањата за движењето на определени макроекономски индикатори за 2009 година, како и според препораките и насоките дадени од Министерството за финансии за изготвување на буџетски пресметки и врз основа на други параметри. Исто така укажа на тоа дека при изготвувањето на Предлог - Буџетот за 2009 година биле земени во предвид и активностите на започнатите реформски процеси во здравството. Напомена дека при утврдувањето на приходните ставки за 2009 година како појдовна основа биле земени буџетот на Фондот за 2008 година, остварувањето на приходите на Фондот во периодот јануари - јуни 2008 година и проекцијата за остварување на приходите до крајот на годината, намалувањето на стапката на придонесот за здравствено осигурување, намалениот приход по основ на партиципација, Одлуката на Владата за предлог - програмата за посебниот паричен надоместок за живородено дете и бројот на осигурените лица по видови на осигуреници и оценка за нивното движење. Исто така напомена дека при утврдувањето на расходните ставки за 2009 година земено е во предвид остварувањето на расходите на Фондот во периодот јануари - јуни 2008 година и проекцијата за извршување на Буџетот до крајот на годината, зголемениот вид и обем на здравствени услуги, воведувањето на ДРГ системот, бројот на вработените во ФЗОМ и одобрените зголемувања во 2009 година, потребните средства за инвестициони вложувања во 2009 година во ФЗОМ и ЈЗУ, потребните средства за ин витро фертилизација (БПО), зголемувањето на видот и обемот на кардиохируршките болести, редефинирањето на капирацијата и др. елементи. Според тоа наведе дека Прелдог - Буџетот за*

*2009 година на ФЗОМ изнесува 21.638.283 илјади денари и дека тоа се средства кои се непоходни за да се обезбеди ефикасна здравствена заштита на населението и за ефикасно работење на ФЗОМ. При тоа смета дека разликата од 4.678.829 илјади денари што се јавува како намален приход на Фондот како резултат на законските измени во областа на здравството, треба да биде покриена со Буџетски трансфер, за да би се одржала финансиската стабилност како на Фондот така и на целокупниот здравствен сиситем.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, се согласи со излагањето на Ромела Поповиќ Трајкова и смета дека разликата од 4.678.829 илади денари што поизлегува како резултат на законските измени во областа на здравството треба да бидат покриени со Буџетски трансфер, бидејќи законските измени се донесени врз основа на Одлука на Владата на РМ.*

*Ромела Поповиќ Трајкова посочи на тоа дека со овој Предлог - Буџет за 2009 година сме должи на Владата на РМ да и дадеме една реална слика за финансиските последици на Фондот кои ќе произлезат од Одлуките на Владата за намалувањето на стапката на придонесот за здравствено осигурување, од нејзината Програмата за посебен паричен надоместок за живородено дете ,од намалениот приход по основ на придонеси за здравствено осигурување кај вработени кај правни лица и други основи.*

*По завршувањето на дискусијата за втората точка на дневниот ред, Управниот одбор едногласно го прифати Предлог - Буџетот за 2009 година на ФЗОМ.*

***ТОЧКА 3 - Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување и Одлука за утврдување на важноста на упатот за користење на здравствени услуги за вршење на вежби за слухот и говорот во специјалистичка - консултативна здравствена заштита;***

*Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи образложи дека со измената и дополнувањето на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување се овозможува осигуреното лице промената на избраниот лекар да ја врши најмногу до два пати во текот на една календарска година, бидејќи во праксата се покажа дека треба да постои ограничување на изборот за да нема злоупотреба од страна на лекарите и дека истиот ќе почне да се применува од 01.01.2009 година. Исто така напомена дека Управиот одбор со донесување на одлука во оправдани случаи како што се децата со оштетен слух и говор, може да им помогне со тоа што упатот за користење на здравствени услуги за вршење на вежби за слух и говор кои се изведуваат надвор од местото на живеење во специјалистичко - консултативна здравствена заштита да го продолжи неговото важење подолго од 30 дена, но не повеќе од шест месеци.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, го поддржа ставот на Лазар Трајчев и смета дека краткото важење на упатот дополнително ги оптоварува ваквите категории на осигуреници, со што се прави нешто добро за тие лица без да се нарушува системот.*

*По завршувањето на дискусијата по третата точка на дневниот ред Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување***
*и*
***Одлука***
***за утврдување на важноста на упатот за користење на здравствени услуги за вршење на вежби за слухот и говорот во специјалистичко - консултативна здравствена заштита***

***ТОЧКА 4 - Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*Аљбон Џемаили, предложи да се одложи оваа точка на дневниот ред за наредната седница на Управниот одбор, бидејќи Министерот за здравство не е присутет и немал информации и материјал за оваа точка.*

*Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ укажа на тоа дека оваа точка не треба да се одложи бидејќи се работи за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, за што Министерот за здравство не е надлежен да се впушта во самата организација на работните места во Фондот. Исто така наведе дека со измените на Правилникот се додава работно место за Советник на директорот за инмплементирање на ДРГ системот што е многу битно за Фондот.*

*Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за секторот човечки ресурси; информираше дека со оглед на тоа дека Директорот на Фондот се состои од две лица подеднакво одговорни за работењето на Фондот и за обврските кои ги преземаат потребно од систематизацијата и организацијата на работните места да се избрише точката 2 „Заменик на директорот“.*

*Лазар Трајчев го објасни делот кој се однесува за додавање на ново одделение во систематизацијата на Фондот со наслов: „Одделение за регресни побарувања“ при што укажа на тоа дека поради зголемениот обем на работа потребно е да се отвори ново одделение бидејќи Фондот до сега не вршел регрес на средствата од сообраќајки од осигурителните компании.*

*По завршувањето на дискусијата по точката четири на дневниот ред, освен Аљбон Џемаили кој беше против и застана зад ставот на Министерот за здравство, останатите четворица членови на Управниот одбор беа за, со што Управниот одбор го донесе*

***Правилникот***
***за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 5 - Правилник за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;***

*Слаѓана Пешевска, објасни дека со дополнувањата на Правилникот за утврдување на висината на платите се определеуваат бодовите за новите работни места определени со новите измени и дополнувања на Правилникот за систематизација и организација на работните места како и бодовите за Претседателот на Лекарската комисија и администраторот во Лекарската комисија, согласно Одлуката на Управниот одбор претседателите на лекарските комисии да бидат вработени во Фондот и да има администратор во поголемите подрачни служби.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, праша дали е законски оправдано да претседателите на лекарските комисии бидат вработени во Фондот.*

*Лазар Трајчев, одговори дека со оваа измена се овозможи претседателите на лекарските комисии да бидат вработени во Фондот и дека тоа е законски и правно издржано, што беше потврдено и од помошник директорот Слаѓана Пешевска.*

*По завршувањето на дискусијата по петтата точка на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***Точка 6 - Ампуларна терапија кај гинеколозите***

*Лазар Трајчев објасни дека поради неорганизираноста на гинеколозите при договарањето на договорите за 2008 година и немањето на нивен став околку ампуларната терапија истата формално остана во договорите кои важат до крајот на 2008 година. Појасни дека при вршењето на контрола од страна на Фондот извршен е увид во ампуларната терапија кај одредени гинеколози и утврдено е дека не поседуваат ампуларна терапија која за нив е медицински непотребна а формално наведена во договорот. Со оглед на тоа дека ампуларната терапија е медицински непотребна, предложи гинеколозите кои при контролата не поседуваат ампуларна терапија да не бидат казнети, чии став е подржан и од Лекарската комора.*

*Др. Страшо Наумоски праша дали во текот на 2008 година на гинеколозите при контролата нема да им се бара ампуларна терапија.*

*Додека пак Аљбон Џемаили праша што ќе биде со договорните казни на гинеколозите за ампуларната терапија.*

*Лазар Трајчев, одговори дека нема да се изрекуваат договорни казни за немање на ампуларна терапија кај гинеколозите за 2008 година, а ќе се изврши нивно ревидирање со договорите за 2009 година.*

***Заклучок:*** *Управниот одбор донесе одлука гинеколозите поради непоседување на ампуларна терапија која им е медицински непотребна да не подлежат на договорна казна.*

***Точка 7 - Разно***

***Одлика за измена и дополнување на планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ даде објасување дека се работи за набавки кои се третирале како мали набавки, но поради потребите на Фондот ќе бидат третирани како јавни набавки спроведени со јавен повик со што се намалува бројот на малите набавки, што ќе биде малку посложено но поефикасно.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за измена и дополнување на планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*Со тоа дневниот ред на седницата беше исцрпен и Управниот одбор во 12.20 часот заврши со работата.*

***Записничар,***
***Даниела Јовческа Гуровска***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Аљбон Џемаили***